РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18 - 1096/1
06. 02. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА
САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

Врз основа на член 42 став 2 и член 43 од Законот за инспекциски надзор во животната средина (Сл. Весник на РСМ број 99/2022) министерот за животна средина и просторно планиране го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за формирање на Комисија за надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје**

Министерот формира Комисија за надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за инспекциски надзор во животната средина на локално ниво во следниот состав:

-**Тања Пауновска**, Раководител на Сектор за соработка со локалната самоуправа и управни и надзорни работи - **Претседател;**

**Членови**:
-**Тања Кироска Филик,** Раководител на Оделение за соработка со локалната самоуправа и
-**Лумни Јашари**, Соработник за соработка со локална самоуправа во Одделение за соработка со локална самоуправа;

Во комисијата може да членуваат и државни инспектори за животна средина по потреба на барање на комисијата.

Комисијата е должна во текот на календарската година да врши надзор на законитоста на работата на организационите единици за вршење на инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје согласно Годишниот План за надзор кој го носи министерот секоја година а најдоцна до 1. Март во тековната година.

Комисијата е должна да ги извести надлежните лица од општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје кои се предмет на надзор намалку 10 дена пред извршување на надзорот.

За секој извршен надзор над организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопе и Градот Скопе, Комисијата ќе подготви Извештај за извршен


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

надзор со препораки, укажувања и мерки за натамошно постапување и истиот ке биде објавен на веб страната на МЖСПП.

Комисијата извештајот го доставува до Дравниот инспекторат за животна средина, до организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје над кои се спроведува надзорот, како и до министерот за животна средина и просторно планиране и градоначалникот на општината.

Решението влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Образложение**

Врз основа на член 42 и 43 од Законот за инспекциски надзор во животната средина, Надзорот над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје го врши органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.
Министерот формира Комисија за надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон на локално ниво. За спроведуване на надзорот министерот наідоцна до 1 март во тековната година донесува План за надзор над законитоста на работата на организационите единици за вршење инспекциски надзор во животната средина на локално ниво формирани во рамките на општините, општините во градот Скопіе и Градот Скопје. Комисијата ќе ги идентификува областите за надзор, временската рамка за надзор, план за посета на единиците на локалната самоуправа и финансиските ресурси кои се потребни секоја година.

Врз основа на член 42 од Законот за инспекциски надзор во животната средина (Сл. Весник на РСМ брої 99/2022), министерот го донесе ова решение за формирање комисија, како што е наведено во диспозитивот.

**Министер,**
**Naser Nuredini**

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина и просторно планирање
Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor
Shkup

Изработил: Лумни Јашари
Согласен: Тања Пауновска
Одобрил; Државен секретар, Каја Шукова


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk